# З А П И С Н И К
## од  392-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

Седницата се одржа на ден: 10.02.2022, четврток во 08:40 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **м-р Селим Адеми**, заменик претседател
- **Киро Здравев**, член
- **Ханиф Зендели**, член
- **Зоран Теофиловски**, член
- **Мери Радевска**, член
- **Лорета Горгиева**, член
- **Гордана Спиреска**, член
- **Сашко Георгиев**, член
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член
- **Весна Дамева**, член

Отсутни членови:

- **Павлина Црвенковска**, претседател
- **Мирсад Суроји**, член
- **м-р Миљазим Мустафа**, член
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд
- **д-р Никола Тупанчевски**, министер за правда

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секратар
- **Вера Андрејчин**, советник
- **Ален Раденковиќ**, помлад соработник

Седницата е отворена за јавноста но, се констатира дека нема претставник.

Согласно чл. 8 ст. 2 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше заменик претседателот на Советот Селим Адеми.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за **392**-та седница, со предлог истиот да се измени на следниот начин:

Точка 1 се изменува и гласи: Разгледување и усвојување на извештаите на судовите за четвртото тромесечие за 2021 година;

Точка 2 останува неизменета;

Точка 3 се отстранува;

Точка 4 останува неизменета и го менува редоследот за еден реден број наназад;

Точка 5 останува неизменета и го менува редоследот за еден реден број наназад.

Заменик претседателот на Советот Селим Адеми отвори расправа по предлог измените на Дневниот ред за **392**-та седница.

Откако констатира дека никој не се јави за збор заменик претседателот на Советот Селим Адеми Дневниот ред за **392**-та седница со предлог измените го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со **10** гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Разгледување и усвојување на извештаите на судовите за четвртото тромесечие за 2021 година;
2. Одлучување по известувања на Комисии на известители по поднесени барања за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд;
3. Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд и
4. Разно.

**Точка 1**

[Разгледување и усвојување на извештаите на судовите за четвртото тромесечие за 2021 година]

По повод 1-та точка од дневниот ред заменик претседателот на Советот Селим Адеми збор му даде на членот на Советот Киро Здравев во својство на координатор за презентирање на седница на Советот на тримесечните и годишните извештаи за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Апелациониот суд Скопје и основните судови основани на неговото подрачје и Апелациониот суд Гостивар и основните судови основани на неговото подрачје.

Членот на Советот Киро Здравев ја презентираше следната состојба:

Согласно член 36 став 1 алинеа 15 од Законот за Судскиот совет на РМ, Судскиот совет ги разгледува и оценува тримесечените извештаи за работа на судовите.

До Судскиот совет на РМ од страна на судовите во РМ доставени се извештаи за нивната работа за вториот квартал на 2021 година за месеците Октомври,Ноември и Декември 2021 година.

Извештаите на Врховниот суд, Апелациониот суд Скопје и судовите на неговото подрачје и Апелациониот суд Гостивар и судовите на неговото подрачје се проследени до Комисијата за следење на нивната работа.

Комисијата ги спореди податоците од извештаите за работа на судовите со табеларните прегледи од АКМИС системот и констатира совпаѓање на податоците за остатокот на нерешени предмети од претходниот период, приливот на нови предмети, вкупниот фонд на предмети во работа, бројот на решени предмети и остатокот на нерешени предмети на крајот од 4 квартал 2021 година.

- АЖУРНИ се судовите: ВСРМ, АС Гостивар ,Основен кривичен суд Скопје, Основен граѓански суд Скопје, ОС Велес,ОС Гевгелија, ОС Кавдарци, ОС Кратово, ОС Крива Паланка, ОС Куманово,ОС Неготино, ОС Гостивар,ОС Кичево ОС Дебар и ОС Тетово,
- НЕАЖУРЕН Е: АС Скопје

**Врховниот суд на Република Македонија** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември и Декември 2021 година, во прилог.
Број на судии по систематизација 28
Број на пополнети судиски места 20(1 судија во мирување,1 судија е под суспензија, во овој квартал постапувале 18 судии)
Пополнетост со судски службеници со 50,35 %.
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање нема .
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 152.
Врховниот суд на Република Македонија месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 1064 предмети, примил во работа нови 1277 предмети, и имал вкупно во работа 2341 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1385, а останале нерешени 956 предмети. Погрешно заведени нема.
Според наведените податоци Врховниот суд на Република Македонија го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 108 предмети.
Во Четврти квартал на 2021 година Врховниот суд на Република Македонија се оценува како **АЖУРЕН.**

**Апелациониот суд Гостивар** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември и Декември 2021 година, во прилог.
Број на судии по систематизација 16
Број на пополнети судиски места 13( 2 судии се во мирување така да во овој квартал постапувале 11 судии)
Пополнетост со судски службеници со 28,13 %.

Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 6.

Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 21.
Апелациониот суд Гостивар месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 858 предмети, примил во работа нови 1078 предмети, и имал вкупно во работа 1936 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1273 а останале нерешени 663 предмети.
Според наведените податоци Апелациониот суд Гостивар го совладал приливот на предмети, и го намалил заостатокот за 195 предмети.
Во Четврти квартал на 2021 година Апелациониот суд Гостивар се оценува како **АЖУРЕН.**

**Судовите на подрачјето на Апелациониот суд Гостивар** и тоа: Основен суд Гостивар, Основен суд Дебар, Основен суд Кичево и Основен суд Тетово, доставија тримесечни извештаи за работа, дадени во прилог.
По систематизација бројот на судии од ова апелационо подрачје е 68 судии додека во 4 квартал 2021 година судиската функција ја обавувале 53 судии.
По систематизација бројот на судски службеници од ова апелационо подрачје е 562 додека во 4 квартал 2021 година работата во овие судови ја обавувале 311 судски службеници , што значи дека пополнетоста со судски службеници е 55,34 %.
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 190.
Тонското снимање на расправите во 4 квартал на 2021 година се врши континуирано, освен во ОС Тетово и ОС Кичево каде расправите тонски не се снимаат.
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 1997 .
Електронска достава практикуваат сите судови.
Од извештаите за работа на канцелариите за односи со јавноста во судовите, во 4 квартал на 2021 година овие канцеларии постапувале по поднесени барања согласно одредбите од Законот за управување со движењето на предметите во судовите, освен во ОС Гостивар и ОС Кичево.

Според резултатите од работењето на судовите по старите предмети постари од 3,7 и 10 години, се оценува дека во 4 квартал

на 2021 година во судовите предност во решавање на предметите имаат старите предмети.

Судовите од ова подрачје месец Октомври 2021 година го започнале со нерешени 19482 предмети. Во 4 квартал на 2021 година примиле нови 24325 предмети. Вкупно во работа имале 43807 предмети, решиле 30938 предмети, а останале нерешени 12869 предмети.

Според наведените податоците судовите на подрачјето на Апелациониот суд  Гостивар успеале да го совладат приливот на предмети и го намалиле заостатокот за 6613 предмети на ниво на апелационото подрачје.

**Сите судови од ова апелационо подрачје во четвртиот квартал на 2021 година се оценуваат како АЖУРНИ во решавање на предметите.**

**Основен суд Гостивар** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември и Декември  2021 година, во прилог.
Број на судии по систематизација 24
Број на пополнети судиски места 19
Пополнетост со судски службеници со 43,41 %
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 175.
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 253 .
Основниот суд Гостивар месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 7892 предмети, примил во работа нови 7055 предмети, и имал вкупно во работа 14947 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 7464, а останале нерешени 7483 предмети. Погрешно заведени се 4 предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Гостивар го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 409 предмети.
Во Четврти квартал на 2021 година Основниот суд Гостивар се оценува како **АЖУРЕН.**

**Основен суд Дебар** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември и Декември 2021 година, во прилог.
Број на судии по систематизација 5
Број на пополнети судиски места 4( еден судија е во мирување така во овој квартал постапувале тројца судии)
Пополнетост со судски службеници со 41,86 %
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 15.
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 133 .
Основниот суд Дебар месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 717 предмети, примил во работа нови 2470 предмети, и имал вкупно во работа 3187 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 2695 а останале нерешени 492 предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Дебар го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 225 предмети.
Во Четврти квартал на 2021 година Основниот суд Дебар се оценува како **АЖУРЕН.**
**Основен суд Кичево** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември и Декември 2021 година, во прилог.
Број на судии по систематизација 13
Број на пополнети судиски места 7
Пополнетост со судски службеници со 37,12 %
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 0.
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 1481.
Основниот суд Кичево месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 3064 предмети, примил во работа нови 4402 предмети, и имал вкупно во работа 7466 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 4953, а останале нерешени 2513 предмети.Погрешно заведени се 2предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Кичево го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 551 предмети.
Во Четврти квартал на 2021 година Основниот суд Кичево се оценува како **АЖУРЕН.**

**Основен суд Тетово** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември и Декември 2021 година, во прилог.
Број на судии по систематизација 26
Број на пополнети судиски места 23 (еден судија е во мирување,така во овој квартал постапувале 22 судии)
Пополнетост со судски службеници со 80,49 %
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 0.
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 130 .
Основниот суд Тетово месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 7809 предмети, примил во работа нови 10398 предмети, и имал вкупно во работа 18207 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 15826 а останале нерешени 2381 предмети. Погрешно заведен се 3 предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Тетово го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 5428 предмети.
Во Четврти квартал на 2021 година Основниот суд Тетово се оценува како **АЖУРЕН.**

**Апелациониот суд Скопје** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември и Декември 2021 година, во прилог.
Број на судии по систематизација 52
Број на пополнети судиски места 39
Пополнетост со судски службеници со 56,69 %
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 22.
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 170 .
Апелациониот суд Скопје месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 6876 предмети, примил во работа нови 5016 предмети, и имал вкупно во работа 11892 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 4994, а останале нерешени 6898 предмети.
Во доставениот извештај од судот прикажани се 2 предмет помалку во остаток од претходен период и 2 предмет повеќе во новопримени предмети.

Според наведените податоци Апелациониот суд Скопје не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 22 предмети.
Во Четврти квартал на 2021 година Апелациониот суд Скопје се оценува како **НЕАЖУРЕН.**

**Судовите на подрачјето на Апелациониот суд Скопје** и тоа: Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци, Основен суд Кратово, Основен суд Крива Паланка, Основен суд Куманово, Основен суд Неготино, Основен кривичен суд Скопје и Основен граѓански суд Скопје доставија тримесечни извештаи за работа, дадени во прилог.
По систематизација бројот на судии од ова апелационо подрачје е 236 судии додека во 4 квартал 2021 година судиската функција ја обавувале 185 судии , што значи дека пополнетоста со судиски места е 78,39 %.
По систематизација бројот на судски службеници од ова апелационо подрачје е 1882 додека во 4 квартал 2021 година работата во овие судови ја обавувале 809 судски службеници , што значи дека пополнетоста со судски службеници е 52,78 %.
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 291.
Тонското снимање на расправите во 4 квартал на 2021 година се врши континуирано, освен во ОС Гевгелија,ОС Кавадарци,ОС Крива Паланка и Основен кривичен суд Скопје, каде расправите тонски не се снимаат.
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 4625.
Електронска достава практикуваат сите судови ова апелационо подрачје освен ОС Кратово.
Од извештаите за работа на канцелариите за односи со јавноста во судовите, во 4 квартал на 2021 година овие канцеларии постапувале по поднесени барања согласно одредбите од Законот за управување со движењето на предметите во судовите, освен во ОС Велес,ОС Гевгелија, ОС Кавадарци и ОС Крива Паланка и Основен граѓански суд Скопје.

Според резултатите од работењето на судовите по старите предмети постари од 3,7 и 10 години, се оценува дека во 4 квартал на 2021 година во судовите предност во решавање на предметите имаат старите предмети.
Судовите од ова подрачје во месец Октомври 2021 година имале заостаток од нерешени 46436 предмети. Во 4 квартал на 2021 година примиле нови 54559 предмети. Вкупно во работа имале 101035 предмети, решиле 62835 предмети, а останале нерешени 38200 предмети.
Според наведените податоците судовите на подрачјето на Апелациониот суд Скопје успеале да го совладат приливот на предмети и го намалиле заостатокот за 8236 предмети на ниво на апелационото подрачје.

**Сите судови од ова апелационо подрачје во четвртиот квартал на 2021 година се оценува како ажурени во решавање на предметите.**

**Основен суд Велес** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември и Декември 2021 година, во прилог.

Број на судии по систематизација 18
Број на пополнети судиски места 16( 2 судии се делегиран во друг суд така во овој квартал постапувале 14 судии)
Пополнетост со судски службеници со 47,37 %
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 192.
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 1228.
Основниот суд Велес месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 3766 предмети, примил во работа нови 5564 предмети, и имал вкупно во работа 9330 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 6593 а останале нерешени 2737 предмети. Во овој квартал 6 погрешно заведени.
Според наведените податоци Основниот суд Велес го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 1029 предмети.

Во Четврти квартал на 2021 година Основниот суд Велес се оценува како **АЖУРЕН.**

**Основен суд Гевгелија** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември и Декември 2021 година, во прилог.

Број на судии по систематизација 13

Број на пополнети судиски места 8

Пополнетост со судски службеници со 29,69 %

Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 0.

Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 355.

Основниот суд Гевгелија месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 1355 предмети, примил во работа нови 2090 предмети, и имал вкупно во работа 3445 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 2977, а останале нерешени 468 предмети.

Според наведените податоци Основниот суд Гевгелија го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 887 предмети.

Во Четврти квартал на 2021 година Основниот суд Гевгелија се оценува како **АЖУРЕН**.

**Основен суд Кавадарци** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември и Декември 2021 година, во прилог.

Број на судии по систематизација 10

Број на пополнети судиски места 7( 1 судија е делегиран во овој суд така да во овој квартал постапувале 8 судии)

Пополнетост со судски службеници со 37,50 %

Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 0.

Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 2426.

Основниот суд Кавадарци месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 1697 предмети, примил во работа нови 3139 предмети, и имал вкупно во работа 4836 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 3947 а останале нерешени 889 предмети. Во овој квартал 8 погрешно заведени.

Според наведените податоци Основниот суд Кавадарци го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 808 предмети.
Во Четврти квартал на 2021 година Основниот суд Кавадарци се оценува како **АЖУРЕН.**

**Основен суд Кратово** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември и Декември 2021 година, во прилог.
Број на судии по систематизација 3
Број на пополнети судиски места 2
Пополнетост со судски службеници со 24,39 %
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 1.
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 0.
Основниот суд Кратово месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 379 предмети, примил во работа нови 521 предмети, и имал вкупно во работа 900 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 669, а останале нерешени 231 предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Кратово го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 148 предмети.
Во Четврти квартал на 2021 година Основниот суд Кратово се оценува како **АЖУРЕН.**

**Основен суд Крива Паланка** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември и Декември 2021 година, во прилог.
Број на судии по систематизација 6
Број на пополнети судиски места 6
Пополнетост со судски службеници со 42,55 %.
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 0.
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 6.
Основниот суд Крива Паланка месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 1451 предмети, примил во работа нови 1251 предмети, и имал вкупно во работа 2702 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1671, а останале нерешени 1031 предмети. Во овој квартал нема погрешно заведен предмет.

Според наведените податоци Основниот суд Крива Паланка го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 420 предмети.
Во Четврти квартал на 2021 година Основниот суд Крива Паланка се оценува како **АЖУРЕН**.

**Основен суд Куманово** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември и Декември 2021 година, во прилог.
Број на судии по систематизација 34
Број на пополнети судиски места 23 (1 судија е избран во Судски совет, 1 судија е во мирување,а еден судија е делегиран во овој суд,така да во овој квартал судиската функција ја обавувале 22 судии)
Пополнетост со судски службеници со 44,87 %
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 48 .
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 45.
Основниот суд Куманово месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 5183 предмети, примил во работа нови 8236 предмети, и имал вкупно во работа 13419 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 9813 а останале нерешени 3606 предмети. Во овој квартал 2 предмети се погрешно заведени.
Според наведените податоци Основниот суд Куманово го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 1577 предмети.
Во Четврти квартал на 2021 година Основниот суд Куманово се оценува како **АЖУРЕН**.

**Основен суд Неготино** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември и Декември 2021 година, во прилог.
Број на судии по систематизација 5
Број на пополнети судиски места 4( во судот е делегиран 1 судија така да во овој квартал постапувале 5 судии)
Пополнетост со судски службеници со 38,46 %
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 8 .
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 59.

Основниот суд Неготино месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 1492 предмети, примил во работа нови 1536 предмети, и имал вкупно во работа 3028 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 2048, а останале нерешени 980 предмети. Во овој квартал 7 погрешно заведени.
Според наведените податоци Основниот суд Неготино го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 512 предмети.
Во Четврти квартал на 2021 година Основниот суд Неготино се оценува како **АЖУРЕН**.

**Основен кривичен суд Скопје** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември и Декември 2021 година, во прилог.
Број на судии по систематизација 70
Број на пополнети судиски места 54 ( 3 судии се во мирување,еден е делегиран во друг суд, така да судиската финкција во овој квартал ја обавувале 50 судии )
Пополнетост со судски службеници со 44,4 %
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 0 .
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 147.
Основен кривичен суд Скопје месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 15891 предмети, примил во работа нови 23541 предмети, и имал вкупно во работа 39432 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 26368 а останале нерешени 13064 предмети. Во овој квартал 2 предмети се погрешно заведени.
Според наведените податоци Основен кривичен суд Скопје го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 2827 предмети.
Во Четврти квартал на 2021 година Основен кривичен суд Скопје се оценува како **АЖУРЕН.**

**Основен граѓански суд Скопје** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември и Декември 2021 година, во прилог.
Број на судии по систематизација 77

Број на пополнети судиски места 65 (еден судија е делегиран во друг суд,така во овој квартал постапувале 64 судии)
Пополнетост со судски службеници со 45,55 %
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 42 .
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 359.
Основен граѓански суд Скопје месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 15222 предмети, примил во работа нови 8721 предмети, и имал вкупно во работа 23943 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 8749, а останале нерешени 15194 предмети. Во овој квартал 15 предмети се погрешно заведени.
Според наведените податоци Основен граѓански суд Скопје го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 28 предмети.
Во Четврти квартал на 2021 година Основен граѓански суд Скопје се оценува како **АЖУРЕН.**

**На ниво на Република Македонија** судовите месец Октомври 2021 година го започнале со нерешени 118420 предмети, примиле во работа нови 131740 предмети, имале вкупно во работа 250160 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 152822 а останале нерешени 97338 предмети.
Во четвртиот квартал на 2021 година на ниво РМ судовите успеале да го совладат приливот на предмети и го намалиле заостатокот за 21082 предмети.
Во четвртиот квартал на 2021 година на ниво на РМ работата на судовите се оценуваат како АЖУРНИ**.**

Се **констатира** дека членот на Советот Миљазим Мустафа е присутен на седницата.

Се **констатира** дека членот на Советот Мирсад Суроји е присутен на седницата.

Следно, по повод 1-та точка од дневниот ред заменик претседателот на Советот Селим Адеми збор му даде на членот на Советот Миљазим Мустафа во својство на координатор за презентирање на седница на Советот на тримесечните и годишните

извештаи за работа на Вишиот управен суд, Управниот суд, Апелациониот Битола и основните судови основани на неговото подрачје како и Апелациониот суд Штип и основните судови основани на неговото подрачје.

Членот на Советот Миљазим Мустафа ја презентираше следната состојба:

Согласно член 36 став 1 алинеа 15 од Законот за Судскиот совет на РМ, Судскиот совет ги разгледува и оценува тримесечените извештаи за работа на судовите.

До Судскиот совет на РМ од страна на судовите во РМ доставени се извештаи за нивната работа за четвртиот квартал 2021 година за месеците Октомври,Ноември,Декември 2021 година.

Извештаите на Вишиот управен суд, Управен суд, Апелациониот суд Битола и судовите на неговото подрачје и Апелациониот суд Штип и судовите на неговото подрачје се проследени до Комисијата за следење на нивната работа.

Комисијата ги спореди податоците од извештаите за работа на судовите со табеларните прегледи од АКМИС системот и констатира совпаѓање на податоците за остатокот на нерешени предмети од претходниот период, приливот на нови предмети, вкупниот фонд на предмети во работа, бројот на решени предмети и остатокот на нерешени предмети на крајот од четвртиот квартал. Само во извештајот од ОС Прилеп прикажани се 5 предмети помалку во решени а 5 предмети повеќе во остаток на крај на четвртиот квартал.

Според податоците во овој квартален период по однос на ажурноста состојбата е следна:

- **Сите судови од апелационото подрачја Штип се ажурни, освен ОС Делчево и ОС Свети Николе.**
- **Вишиот управен суд е ажурен**
- **Управниот суд е ажурен.**

- **Во апелационо подрачје Битола сите судови се ажурни, освен ОС Струга.**
-

**Вишиот управен суд** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември,Декември 2021 година, во прилог.
Број на судии по систематизација 13
Број на пополнети судиски места 13
Пополнетост со судски службеници со 28,30 %
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 0.
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 0.
Вишиот управен суд месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 1081 предмети, примил во работа нови 1106 предмети, и имал вкупно во работа 2187 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1392 а останале нерешени 795 предмети. Погрешно заведени предмети нема.
Според наведените податоци Вишиот управен суд го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 286 предмети.
Во четвртиот квартал на 2021 година Вишиот управен суд се оценува како **АЖУРЕН.**

**Управниот суд** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември,Декември 2021 година, во прилог.
Број на судии по систематизација 33
Број на пополнети судиски места 30 ( на еден судија му мирува работното место, така што во четвртиот квартал постапувале 29 судии )
Пополнетост со судски службеници со 43,82 %
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 0.
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 359.
Управниот суд месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 5921 предмети, примил во работа нови 2272 предмети, и имал вкупно во работа 8193 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 2603 а останале нерешени 5590 предмети. Во овој квартал погрешно заведени се 7 предмети.

Според наведените податоци Управниот суд го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 331 предмети.
Во четвртиот квартал на 2021 година Управниот суд се оценува како **АЖУРЕН.**

**Апелациониот суд Битола** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември,Декември 2021 година, во прилог.
Број на судии по систематизација 25
Број на пополнети судиски места 18 (во овој квартал еден судија бил во мирување така постапувале 17 судии )
Пополнетост со судски службеници со 41,12 %
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 0.
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 118.
Апелациониот суд Битола месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 868 предмети, примил во работа нови 1516 предмети, и имал вкупно во работа 2384 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1683 а останале нерешени 701 предмети.Погрешно заведен еден предмет.
Според наведените податоци Апелациониот суд Битола го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 167 предмети.
Во четвртиот квартал на 2021 година Апелациониот суд Битола се оценува како **АЖУРЕН.**

**Судовите на подрачјето на Апелациониот суд Битола** и тоа: Основен суд Битола, Основен суд Крушево, Основен суд Охрид Основен суд Прилеп, Основен суд Ресен и Основен суд Струга доставија тримесечни извештаи за работа, дадени во прилог.
По систематизација бројот на судии од ова апелационо подрачје е 83 судии додека во 4 квартал 2021 година судиската функција ја обавувале 56 судии или процентуално 67,47 %.
По систематизација бројот на судски службеници од ова апелационо подрачје е 574 додека во 4 квартал 2021 година работата во овие судови ја обавувале 315 судски службеници , што значи дека пополнетоста со судски службеници е 54,88 %.

Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 902.
Тонското снимање на расправите во четвртиот квартал на 2021 година се врши континуирано во сите судови.
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 4157 .
Електронска достава практикуваат сите судови.

Од извештаите за работа на канцелариите за односи со јавноста во судовите, во четвртиот квартал на 2021 година овие канцеларии постапувале по поднесени барања согласно одредбите од Законот за управување со движењето на предметите во судовите, освен во ОС Прилеп и ОС Ресен, каде немало поднесоци.

Според резултатите од работењето на судовите по старите предмети постари од 3,7 и 10 години, се оценува дека во четвртиот квартал на 2021 година во судовите предност во решавање на предметите имаат старите предмети.

Судовите од ова подрачје во месец Октомври 2021 година имале заостаток од нерешени 20586 предмети. Во четвртиот квартал на 2021 година примиле нови 19472 предмети. Вкупно во работа имале 40058 предмети, решиле 22889 предмети, а останале нерешени 17169 предмети.
Според наведените податоците судовите на подрачјето на Апелациониот суд Битола успеале да го совладат приливот на предмети и го намалиле заостатокот за 3417 предмети на ниво на апелационото подрачје.
**Сите судови од ова апелационо подрачје во четвртиот квартал на 2021 година се оценуваат како АЖУРНИ во решавање на предметите, освен ОС Струга.**

**Основен суд Битола** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември,Декември 2021 година, во прилог.
Број на судии по систематизација 25
Број на пополнети судиски места 18(еден судија е во мирување така да во овој квартал постапувале 17 судии)
Пополнетост со судски службеници со 61,73 %
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 5.

Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 847.
Основниот суд Битола месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 6801 предмети, примил во работа нови 6788 предмети, и имал вкупно во работа 13589 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 8978, а останале нерешени 4611 предмети. Во овој квартал погрешно заведени се 4 предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Битола го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 2190 предмети.
Во четвртиот квартал на 2021 година Основниот суд Битола се оценува како **АЖУРЕН.**

**Основен суд Крушево** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември,Декември 2021 година, во прилог.
Број на судии по систематизација 3
Број на пополнети судиски места 1 ( 1 судија е делегиран во судот, па така постапувале 2 судии )
Пополнетост со судски службеници со 53,85 %
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 7.
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 2.
Основниот суд Крушево месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 361 предмети, примил во работа нови 543 предмети, и имал вкупно во работа 904 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 584, а останале нерешени 320 предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Крушево го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 41 предмети.
Во четвртиот квартал на 2021 година Основниот суд Крушево се оценува како **АЖУРЕН.**

**Основен суд Охрид** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември,Декември 2021 година, во прилог.
Број на судии по систематизација 18
Број на пополнети судиски места 14, има претседател од друг суд.
Пополнетост со судски службеници со 58,41 %

Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 201.
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 2498.
Основниот суд Охрид месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 4813 предмети, примил во работа нови 3817 предмети, и имал вкупно во работа 8630 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 4255, а останале нерешени 4375 предмети.Во овој квартал погрешно е заведени 3 предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Охрид го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 668 предмети.
Во четвртиот квартал на 2021 година Основниот суд Охрид се оценува како **АЖУРЕН**.

**Основен суд Прилеп** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември,Декември 2021 година, во прилог.
Број на судии по систематизација 18
Број на пополнети судиски места 12( еден судија е во мирување така во овој квартал постапувале 17 судии)
Пополнетост со судски службеници со 58,62 %
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 173.
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 109.
Основниот суд Прилеп месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 4222 предмети, примил во работа нови 3307 предмети, и имал вкупно во работа 7529 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 3755, а останале нерешени 3774 предмети. Во овој квартал 3 погрешно заведени предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Прилеп го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 448 предмети.
Во четвртиот квартал на 2021 година Основниот суд Прилеп се оценува како **АЖУРЕН**.

**Основен суд Ресен** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември,Декември 2021 година, во прилог.

Број на судии по систематизација 4
Број на пополнети судиски места 3
Пополнетост со судски службеници со 45,95 %
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 26.
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 72.
Основниот суд Ресен месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 970 предмети, примил во работа нови 965 предмети, и имал вкупно во работа 1935 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1443 а останале нерешени 492 предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Ресен го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 478 предмети.
Во четвртиот квартал на 2021 година Основниот суд Ресен се оценува како **АЖУРЕН.**

**Основен суд Струга** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември,Декември 2021 година, во прилог.
Број на судии по систематизација 15
Број на пополнети судиски места 8
Пополнетост со судски службеници со 41,67 %
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 490.
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 629 .
Основниот суд Струга месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 3419 предмети, примил во работа нови 4052 предмети, и имал вкупно во работа 7471 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 3874, а останале нерешени 3597 предмети.Погрешно заведени 2 предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Струга не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 178 предмети.
Во четвртиот квартал на 2021 година Основниот суд Струга се оценува како **НЕАЖУРЕН.**

**Апелациониот суд Штип** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември,Декември 2021 година, во прилог.

Број на судии по систематизација 16
Број на пополнети судиски места 12(на еден судија е во мирување, 2 се под суспензија, така да во овој квартал постапувале 9 судии)
Пополнетост со судски службеници со 45,45 %.
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 0.
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 93.
Апелациониот суд Штип месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 456 предмети, примил во работа нови 1031 предмети, и имал вкупно во работа 1487 предмети.Од овој фонд на предмети решени се 1035, а останале нерешени 452 предмети.
Според наведените податоци Апелациониот суд Штип го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 4 предмети.
Во четвртиот квартал на 2021 година Апелациониот суд Штип се оценува како **АЖУРЕН.**
**Судовите на подрачјето на Апелациониот суд Штип** и тоа: Основниот суд Берово, Основниот суд Виница, Основниот суд Делчево, Основниот суд Кочани, Основниот суд Радовиш**,** Основниот суд Свети Николе, Основниот суд Струмица и Основниот суд Штип доставија тримесечни извештаи за работа, во прилог.
По систематизација бројот на судии од ова апелационо подрачје е 69 судии додека во 4 квартал 2021 година судиската функција ја обавувале 44 судии или во проценти 63,77 %.
По систематизација бројот на судски службеници од ова апелационо подрачје е 540 додека во 4 квартал 2021 година работата во овие судови ја обавувале 285 судски службеници , што значи дека пополнетоста со судски службеници е 52,78 %.
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 3.
Тонското снимање на расправите во четвртиот квартал на 2021 година се врши ОС Штип, и тоа ималао само 3 расправи во кои се вршело тонско снимање,во другите судови не се вршело тонско снимање на расправите.
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 2061 .
Електронска достава практикуваат во сите судови од ова апелационо подрачје.

Од извештаите за работа на канцелариите за односи со јавноста во судовите, во четвртиот квартал на 2021 година овие канцеларии постапувале по поднесени барања согласно одредбите од Законот за управување со движењето на предметите во судовите, освен во ОС Штип, каде немало поднесоци.

Според резултатите од работењето на судовите по старите предмети постари од 3,7 и 10 години, се оценува дека во четвртиот квартал на 2021 година во судовите предност во решавање на предметите имаат старите предмети.

Судовите од ова подрачје во месец Октомври 2021 година имале заостаток од нерешени 14792 предмети. Во четвртиот квартал 2021 примиле нови 20048 предмети. Вкупно во работа имале 34840 предмети, решиле 21795 предмети, а останале нерешени 13045 предмети.

Според наведените податоците судовите на подрачјето на Апелациониот суд Штип успеале да го совладат приливот на предмети и го намалиле заостатокот за 1747 предмети на ниво на апелационото подрачје.

**Судовите од ова апелационо подрачје во четвртиот квартал на 2021 година, се оценуваат како АЖУРНИ во решавање на предметите, освен ОС Делчево и ОС Свети Николе.**

**Основен суд Берово** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември,Декември 2021 година, во прилог.

Број на судии по систематизација 3

Број на пополнети судиски места 0 ( во овој квартал во судот се делегирани 2 судии, така што постапувале 2 судии )

Пополнетост со судски службеници со 53,49 %.

Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 0.

Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 97.

Основниот суд Берово месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 979 предмети, примил во работа нови 836 предмети и имал вкупно во работа 1815 предмети.Од овој фонд на предмети решени се 957, а останале нерешени 858 предмети.

Според наведените податоци Основниот суд Берово го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 121 предмети.

Во четвртиот квартал на 2021 година Основниот суд Берово се оценува како **АЖУРЕН**.

**Основен суд Виница** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември,Декември 2021 година, во прилог.
Број на судии по систематизација 3
Број на пополнети судиски места 1 ( во судот има делегирано 1 судија така во овој квартал постапувале 2 судии)
Пополнетост со судски службеници со 48,65 %.
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 0.
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 147.
Основниот суд Виница месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 927 предмети, примил во работа нови 919 предмети, и имал вкупно во работа 1846 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1143 а останале нерешени 703 предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Виница го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 224 предмети.
Во четвртиот квартал на 2021 година Основниот суд Виница се оценува како **АЖУРЕН.**

**Основен суд Делчево** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември,Декември 2021 година, во прилог.
Број на судии по систематизација 4
Број на пополнети судиски места 1
Пополнетост со судски службеници со 56,86 %.
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 0 .
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 28
Основниот суд Делчево месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 1075 предмети, примил во работа нови 1172 предмети, и имал вкупно во работа 2247 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1067, а останале нерешени 1180 предмети. Во овој квартал нема погрешно заведен предмет.

Според наведените податоци Основниот суд Делчево не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 105 предмети.

Во четвртиот квартал на 2021 година Основниот суд Делчево се оценува како **НЕАЖУРЕН.**

**Основен суд Кочани** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември,Декември 2021 година, во прилог.

Број на судии по систематизација 10

Број на пополнети судиски места 8 ( во овој квартал 1 судија е во мирување, па во овој квартал постапувале 7 судии ).

Пополнетост со судски службеници со 53,16 %.

Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 0 .

Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 429 .

Основниот суд Кочани месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 2369 предмети, примил во работа нови 2938 предмети, и имал вкупно во работа 5307 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 3284, а останале нерешени 2023 предмети.

Според наведените податоци Основниот суд Кочани го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 346 предмети.

Во четвртиот квартал на 2021 година Основниот суд Кочани се оценува како **АЖУРЕН.**

**Основен суд Радовиш** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември,Декември 2021 година, во прилог.

Број на судии по систематизација 6

Број на пополнети судиски места 3

Пополнетост со судски службеници со 65,91 %.

Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 0 .

Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 146 .

Основниот суд Радовиш месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 1007 предмети, примил во работа нови 2180 предмети, и имал вкупно во работа 3187 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 2248 а останале нерешени 939 предмети.

Според наведените податоци Основниот суд Радовиш го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 68 предмети.

Во четвртиот квартал на 2021 година Основниот суд Радовиш се оценува како **АЖУРЕН.**

**Основен суд Свети Николе** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември,Декември 2021 година, во прилог.

Број на судии по систематизација 4

Број на пополнети судиски места 3

Пополнетост со судски службеници со 34,21 %.

Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 0.

Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 287 .

Основниот суд Свети Николе месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 836 предмети, примил во работа нови 1529 предмети, и имал вкупно во работа 2365 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1442, а останале нерешени 923 предмети.Погрешно заведени 2 предмети.

Според наведените податоци Основниот суд Свети Николе не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 87 предмети.

Во четвртиот квартал на 2021 година Основниот суд Свети Николе се оценува како **НЕАЖУРЕН.**

**Основен суд Струмица** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември,Декември 2021 година, во прилог.

Број на судии по систематизација 20

Број на пополнети судиски места 13 ( 1 судија е делегиран во друг суд, 1 судија е избран за член во Судскиот совет, така што во овој квартал судиската функција ја обавувале 11 судии )

Пополнетост со судски службеници 54,55 %.

Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 0 .

Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 193.

Основниот суд Струмица месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 3619 предмети, примил во работа нови 4879 предмети, и имал вкупно во работа 8498 предмети. Од овој фонд на

предмети решени се 5312, а останале нерешени 3186 предмети. Во овој квартал нема погрешно заведени.
Според наведените податоци Основниот суд Струмица го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 433 предмети.
Во четвртиот квартал на 2021 година Основниот суд Струмица се оценува како **АЖУРЕН.**
**Основен суд Штип** достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето на судот за месеците Октомври,Ноември,Декември 2021 година, во прилог.
Број на судии по систематизација 19
Број на пополнети судиски места 15 ( 1 судија е избран во Судски совет ,така да во овој квартал судиската функција ја обавувале 14 судии )
Пополнетост со судски службеници со 56,10 %.
Вкупен број на одржани расправи со тонско снимање 3 .
Вкупен број на предмети во кои е извршена електронска достава 734.
Основниот суд Штип месец Октомври 2021 година го започнал со нерешени 3980 предмети, примил во работа нови 5595 предмети, и имал вкупно во работа 9575 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 6342 а останале нерешени 3233 предмети. Во овој квартал 2 предмети се погрешно заведени.
Според наведените податоци Основниот суд Штип го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 747 предмети.
Во четвртиот квартал на 2021 година Основниот суд Штип се оценува како **АЖУРЕН.**

**На ниво на Република Македонија** судовите месец Октомври 2021 година го започнале со нерешени 118420 предмети, примиле во работа нови 131740 предмети, имале вкупно во работа 250160 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 152822 а останале нерешени 97338 предмети.
Во четвртиот квартал на 2021 година на ниво РМ судовите успеале да го совладат приливот на предмети и го намалиле заостатокот за 21082 предмети.

Во четвртиот квартал на 2021 година на ниво на РМ работата на судовите се оценуваат како АЖУРНИ**.**

Во продолжение, по повод 1-та точка од дневниот ред заменик претседателот на Советот Селим Адеми отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Киро Здравев** и наведе:

Гледајќи ги резултатите постигнати од 34 суда на ниво на држава, на општо задоволство може да се констатира дека на ниво на држава сите судови односно судството на РСМ е ажурно. Затоа што во четвртиот квартал судовите успеале да го совладат приливот на предмети и го намалиле заостатокот за 21.082 предмети.

Значи, на ниво на држава судството е ажурно меѓутоа, поединечно од резултатите произлегува дека има три основни суда којшто се неажурни, а тоа е Основен суд Делчево, Основен суд Виница, Основен суд Струга и Апелациониот суд Скопје.

Споредено со претходните квартални извештаи изрази задоволство од она што судовите го имаат постигнато во последниот квартал. Останува да се види какви ќе бидат резултатите на крајот од годината кога ќе се сумираат резултатите од цела година, односно од сите четири квартали.

Заменик претседателот на Советот Селим Адеми откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлог одлуката за разгледување и усвојување на извештаите за работа на судовите за четвртото тромесечие за 2021 година ја стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Судскиот совет на Република Северна Македонија ги разгледа и усвои извештаите за работа на судовите за четвртото тромесечие за 2021 година.

Заменик претседателот на Советот Селим Адеми констатира дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 2-та точка од Дневниот ред.

**Точка 2**

**[**Одлучување по известувања на Комисии на известители по поднесени барања за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд**]**

Заменик претседателот на Советот, Селим Адеми информираше дека оваа точка на дневниот ред е **ЗАТВОРЕНА ЗА ЈАВНОСТА**.

**Точка 3**

[Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд]

Заменик претседателот на Советот Селим Адеми информираше дека оваа точка на дневниот ред е **ЗАТВОРЕНА ЗА ЈАВНОСТА**.

**Точка 4**

[Разно]

Заменик претседателот на Советот Селим Адеми **КОНСТАТИРА** дека членот на Советот Лорета Георгиева од оправдани причини ја напушти седницата.

По повод 4-та точка од дневниот ред заменик претседателот на Советот Селим Адеми збор му даде на членот на Советот Весна Дамева во својство на известител.

Членот на Советот Весна Дамева информираше:

На ден 28.12.2021 година, преку доставна книга примив допис насловен како Барање за вршење на вонреден надзор над работењето на судија при Основен суд Велес во постапување по предметите П1.бр.35/19 и ВПП2.бб.р.19/21 во прилог со докази од

24.12.2021 година, заведен во Советот како претставка под УПП.бр.08-674/1.

По разгледување на предметниот допис констатирав дека во конкретниот случај не се работи за претставка имајќи го во предвид насловот на истиот, неговото адресирање, а воопшто и самата содржина, поради што во прилог на овој допис Ви го доставувам предметниот допис во прилог со сите списи во предметот оформен во врска со истиот, а во кој е приклучен и дописот доставен на ден 29.12.2021 година од страна на Апелациониот суд Скопје СУ-ОЗ-480/21-2 од 24.12.2021 година, заради потребата да одлучите за третманот кој ќе добие истиот и кој е надлежен да постапува по истиот.

Заменик претседателот на Советот Селим Адеми отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе:

Предметот да се заврши со службена белешка, списите да се дадат на координаторот и да се формира работна група која ќе изврши проверка на работењето во смисла на она што се укажува во претставката односно дополнувањето.

За збор се јави членот на Советот **Киро Здравев** и наведе:

Факт е дека поднесокот има добиено статус на претставка. Сега по кој основ претставката ќе се затвори? Подобро е да остане како претставка и по преземањето на определени дејствија ако прозлезе дека е основана ќе се затвори претставката како основана и понатаму постапката ќе ја продолжи координаторот за Основен суд Велес. Како ќе се затвори како претставка со службена белешка, а не е постапено по самата претставка? Во таа смисла е дилемата.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе:

Не е познато зошто е заведено како претставка бидејќи иницијалниот акт со кој е почната постапката од подносителот е барање за вршење вонреден надзор над работењето на одреден судија и е упатено до Апелационен суд Скопје. Предметот е

препратен од Апелационен суд Скопје. Никаде не стои дека е тоа претставка. Значи, тоа е случај којшто треба да се утврди каков третман ќе му се даде во моментот. Не е наведено дека е претставка, нити во дополнувањето од Апелациониот суд, ниту во основното барање од подносителот Адвокатско друштво Билески.

Во случајот има информација за одредено постапување коешто подносителот смета дека е нестручно, незаконско и затоа не го дели мислењето на судијата Киро дека треба како претставка да се затвори случајот.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе:

Дали врз основа на закон Апелациониот суд може да прави проверка и контрола на пониските судови? Зошто претседателот на Апелациониот суд Скопје ја префрла топката на Судскиот совет кога барањето е упатено до нив? Зашто по службена должност и должноста што произлегува како повисок суд да прави надзор на пониските судови не се преземат мерки и одлучи туку се отстапува на надлежност претставката?

Подносителот не е неука странка, подносителот е адвокат! Адвокатот многу добро знае каде се доставува претставка, каде барање, а каде ревизија. Во последно време почнувајќи од Врховниот суд, преку Апелационите судови до пониските судови се префрла одговорноста на Судскиот совет.

Не станува збор претставка од причина што е адресирано до Апелациониот суд, за конкретен судија со конкретно барање. Ако постојат некакви индиции, Апелациониот суд треба тоа да го констатира и преземе одговорност.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе:

Се сложи со колегата Селим Адеми. Не е претставка и не треба и со службена белешка да се затвори туку третманот на претставка треба да се одземе.

За збор се јави членот на Советот **Гордана Спиреска** и наведе:

Како координатор на Основниот суд Велес за истиот случај добиено е известување. Прво, известување од претседателката на Основниот суд Велес каде што се наведуваат истите дејствија за да се преземат мерки. Од друга страна, Адвокатското друштво доставува во меѓувреме барање за утврдување на одговорност, за истата правна работа.

Ситуацијата е чиста. Не станува збор за претставка. Ќе се спои дописот со барањето за утврдување на одговорност.

За збор се јави членот на Советот **Киро Здравев** и наведе:

Колешката Гордана истакна нови факти, дека поднесено е и барање за утврдување на одговорност. Дали во барањето има наведено докази? За да не се случи барањето да се отфрли поради немање на докази.

За збор се јави членот на Советот **Гордана Спиреска** и наведе:

И известувањето од претседателката на Основниот суд Велес и барањето од Адвокатското друштво се комплетни. Истото така од нејзина страна како координатор изготвен е комплетен извештај.

За збор се јави членот на Советот **Киро Здравев** и наведе:

Бидејќи станува збор за многу сериозна работа поентата е да не се загуби во судските лавиринти.

По однос на затворањето на претставката може истата со заклучок да се заврши.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе:

Се сложи со колегите дека од наводите во барањето од подносителот дека станува збор за многу сериозна работа како што е наведено. Дали е ќе се испитува.

Повтори дека не смета дека станува збор за претставка каде што мораат да преземат нешто. Станува збор за вршење вонреден надзор. Бара подносителот од страна на повисокиот суд кој има законска обврска тоа да го направи. Не е само право и обврска.

Токму заради тоа не се сложува дека треба да постапуваат како по претставка во случајот и да го затворат предметот. На став

е дека треба барањето да се врати на одлучување на надлежниот суд, во случајот Апелациониот суд Скопје, а барањето за кое информирала колешката Гордана, барањето е упатено надлежност на Советот и ќе се постапува по барањето. Меѓутоа, може и треба да се координира и со надлежниот Апелациониот суд во постапката заради совесно, стручно одлучување по конкретната состојба.

За збор се јави членот на Советот **Зоран Теофиловски** и наведе:

Само се губи време. Колешката Весна истакнала многу добар предлог. Не се работи за претставка. Дописот да се проследи до координаторот. Координаторот да го врати до претседателот на Апелационен суд Скопје и тој надлежно да постапува.

Побара да се произнесат по предлогот.

За збор се јави членот на Советот **Гордана Спиреска** и наведе:

Се надева дека откако се изнесени другите околности ќе се стави предлогот на гласање. Значи, не е претставка, поднесокот да се достави до координаторот. Што ќе следи понатаму, тоа е оценка на координаторот.

За збор се јави членот на Советот **Киро Здравев** и наведе:

Сите се на исто. Станува збор за техничкиот аспект на изведбата. Факт е дека е поднесокот е заведен во уписникот за претставки и поплаки. Дали со заклучок, дали со службена белешка мора да се има акт за да може да се процесуира.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе:

Битен е начинот, значи ставот. Има нова околност, до Судскиот совет е доставено и барање за утврдување на одговорност и известување од страна на претседателот на Основен суд Велес. Од причини што дописот што е заведен како претставка е доставен од страна на претседателот на Апелационен суд Скопје предложи претставката да се презаведе и врати со известување на претседателот на Апелационен суд Скопје на надлежно

постапување бидејќи, во Судскиот совет за истата правна работа веќе се води постапка.

За збор се јави членот на Советот **Киро Здравев** и наведе:

Се зборува за технички аспект, ако се прифати предлогот на колегата Селим истиот да се преточи во заклучок и тој заклучок да биде правен основ за промена, во спротивно на колешката Весна ќе и се води незавршен предмет.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе:

Мора на ваков начин за да не стане пракса во иднина судовите својата надлежност да ја префрлаат на Судскиот совет.

Заменик претседателот на Советот Селим Адеми откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За" и ниту еден глас „Против" е донесен следниот:

**З А К Л У Ч О К**

Судскиот совет на Република Северна Македонија на 392-та седница одржана на ден 10.02.2022 година, КОНСТАТИРА поднесокот поднесен од ТДПП Л. ДООЕЛ Скопје застапувано од управител Д.Ј од Белград, Р.Србија преку полномошник Адвокатско друштво Б., заведен под УПП бр.08-674/1 од 24.12.2021 година и дополнение од 29.12.2021 година, препратен до Судскиот совет од страна на Апелациониот суд Скопје со допис СУ -03-480/21-2 од 24.12.2021 година, согласно содржаните наводи не претставува претставка согласно Законот за постапување по претставки и предлози.

Од тие причини потребно е предметот да се достави до Апелациониот суд Скопје на понатамошно постапување, а согласно законските надлежности од чл.33 од Законот за судовите.

По повод 4-та точка од дневниот ред заменик претседателот на Советот Селим Адеми збор му даде на членот на Советот Весна Дамева во својство на известител.

Членот на Советот Весна Дамева информираше:

Од страна на писарницата доставена ми е на постапување претставка заведена под УПП-08-643/1од 09.12.2021 година, која е поднесена од Н.Ј. од Скопје, против судии на Основен граѓански суд Скопје и на Апелационен суд Скопје.

Постапувајќи по предметната претставка известен е подносителот во смисла дека се преземаат дејствија за проверка на наводите, а побарана е и изјава од судијата која постапувала попредметот П4-766/19.

На ден 20.12.2021 година, доставена е изјава од судијата, но од страна на подносителот на ден 31.12.2021 година, доставен е допис насловен како Дополнување на иницијатива (претставка) заутврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функцијаза наведените судии.

По разгледување на предметниот допис, односно дополнување, имајќи ја предвид неговата содржина произлегува дека и покрај тоа што претходно доставениот допис е заведен како претставка не се работи за претставка, туку за барање за утврдување одговрност на судии.

Поради горенаведеното, во прилог на овој допис Ви ја доставувам претставката УПП-08-643/1 од 09.12.2021 година, дописот од УПП.бр.08-643/5 од 31.12.2021 година, заедно со сите списи во предметот, заради потребата да одлучите за третманот кој ќе го добие претходно заведената претставка, односно дали да продолжи постапката како претставка или истата ќе се презаведе како барање за утврдување на одговорност.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе:

Од приложеното станува збор за дополнување на претставка, заведно како претставка, преземени дејствија и треба да се заврши како претставка.

Во секој момент подносителот има право да поднесе и барање за утврдување на одговорност, а истото важи и за членовите на Советот.

Ако подносителот проценил дека треба да биде претставка, не е на Советот да постапува или одлучува поинаку.

Предложи поднесокот да го продолжи третманот на претставка.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе:

Видно од насловот на првично доставениот допис произлегува дека е барање. И сега е дилемата дека по грешка е заведено како претставка.

Видно од содржината на дополнувањето. Се дополнува со законски назив, повикување на законски основ, се наведува адреса, име и место на живеење. Стравува да не се продолжи како претставка, а потоа да се приговара зошто не е барање.

За збор се јави членот на Советот **Киро Здравев** и наведе:

На исто размислување е со заменик претседателот. Што ќе се постигне ако се даде на поднесокот статус на барање за утврдување на одговорност, а нема докази и комисијата го отфрли како нецелосно. Подобро е се задржи статусот на претставка и доколку произлезе нешто основано координаторот за судот ќе ја продолжи постапката. И членовите на Советот имаат право да поднесат барање за утврдување на одговорност, дотолку повеќе што постапката е започната, има изјави од судија од Основниот граѓански суд Скопје.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе:

Имаќи ги во предвид наводите од основниот поднесок се согласува со судијата Киро дека нема докази и токму од тие причини не треба да се третира како барање. Ниту во дополнувањето се наведени. Ги има сите други елементи меѓутоа, нема докази.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе:

Се согласува меѓутоа, најде за потребно да се истакне како факт од причина за да отпосле нема приговор од странката. И во

самиот допис е наведено да се одлучи за третманот, дали да се продолжи како претставка или не. Во тој случај не е дискутабилно, ги прифаќа аргументите да биде претставка меѓутоа, денес да се одлучи бидејќи месец и половина од приемот не може да се постапува.

Заменик претседателот на Советот Селим Адеми констатира дека е донесен следниот:

**З А К Л У Ч О К**

Судскиот совет на Република Северна Македонија на 392-та седница одржана на ден 10.02.2022 година, КОНСТАТИРА по претставката поднесена од Н.Ј. од Скопје, заведена под УПП бр.08-643/1 од 09.12.2021 година и дополнение од 31.12.2021 година, членот на Советот кај кого е доделена во работа согласно ЈКМИСОТ да продолжи со постапувањето по истата.

Во врска со решенијата донесени од страна на Управниот суд каде истиот се огласува за стварно ненадлежен по повод тужби за поништување на решенијата на Судскиот совет поднесени од Л.М. и С.З., заменик претседателот на Советот Селим Адеми збор му даде на членот на Советот Киро Здравев.

Членот на Советот Киро Здравев информираше:

Управниот суд се огласува за ненадлежен, за продолжување на мандатот на судиите до 30 јуни и упатуваат на некој начин на редовна парница на граѓански суд, а Управниот суд постапувал по ваквите одлуки претходно.

Значи, може да се води управен спор и против управен акт против којшто не дозволена друга судска заштита. Се оди на тоа дека е дозволено да се оди во парница. Свежо е во сеќавањето за одлуката по однос на барањето за судијата Емилија Илиевска. Исто тоа е поврзано со ЗРО према одлуката на Уставниот суд кој тогаш прифаќа надлежност, а во овој случај не. Не е познато како ќе се произнесе Вишиот управен суд, бидејќи од контролникот е утврдено дека по жалбата на судијата Л.М. сеуште нема одлука. Сериозно прашање за запознавање по однос понатамошното водење на

постапката против одлуките односно решенија за продолжување на мандатот на судиите донесени од страна на Советот.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе:
Станува збор за слободно судиско убедување. Што се може тука? За жал праксата не се почитува.

За збор се јави заменик претседателотна Советот **Селим Адеми** и наведе:
Прашањето е пласирано како информација за членовите на Советот. Останува да се сочека исходот на Вишиот управен суд. Ако некој поединечно мисли дека има одредени пропусти не е спречен да покрене постапка за утврдување на истите.

Заменик претседателот на Советот Селим Адеми констатираше дека повеќе никој од членовите на Советот не се јави за збор.
Од тие причини Заменик претседателот на Советот Селим Адеми констатираше дека е исцрпен дневниот ред за 392-та седница на Советот и дека истата е завршена во 10:55 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис е составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I**
**REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
**Заменик претседател - Zëvendës Kryetar**
**M-r Selim Ademi**

**Изработил:** Ален Раденковиќ
**Одобрил**: Весна Толева